За потребите на Секретаријатот за европски прашања за периодот август 2013- ноември 2014 беа спроведени три испитувања на јавното мислење во врска со ставот на јавноста за евроинтегративниот процес на Република Македонија. Испитувањето беше спроведено од Брима, теренски, лице- во -лице на засебен примерок од околу 1200 испитаници. Истражувањата за месец август 2013 и февруари 2014 година финансиски беа поддржани од страна на Националниот демократски институт –NDI, додека последното истражување спроведено во месец ноември годинава, финансиски беше поддржано од Германско друштво за интернационална соработка – GIZ.
Одговорите на прашањето: "Дали Вие лично го поддржувате членството на РМ во ЕУ и НАТО?", јасно укажуваат за предоминантната позитивна определба кај граѓаните во однос на европскиот курс кој Република Македонија го има зацртано, покрај бележењето на слаб пад. Процентот на неопределени е исклучително низок, што говори за една добро развиена перцепција кај јавноста за ЕУ Агендата.
Во поглед на второто прашање " Имајќи ги предвид сите работи, дали би рекле дека РМ би имала корист или би немала корист од членството во ЕУ?", мнозинството на испитаници смета дека Република Македонија би имала корист од членството во Европската Унија.

**П1. Дали Вие лично го поддржувате членството на РМ во ЕУ и НАТО?**
(Податоците се агрегирани: целосна+делумна поддршка= го поддржувам, воопшто +делумно не го поддржувам = не го поддржувам)




**П2. Имајќи ги предвид сите работи дали би рекле дека Република Македонија би имала корист или би немала корист од членството во ЕУ?**

